Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 јуни 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/276 на Советот од 22 февруари 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела**

**Член 1**

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2021/276 на Советот од 22 февруари 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела.

**Член 2**

Оваа одлука се однесува на следните видови рестриктивни мерки:

- ембарго на оружје;
- ембарго на стоки и услуги;
- финансиски мерки;
- забрана за влез во Република Северна Македонија

**Член 3**

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

**Член 4**

Одлуката (ЗНБП) 2021/276 на Советот од 22 февруари 2021 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 5**

Рестриктивните мерки против Венецуела се воведуваат на неопределено време.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр.40-5887/1**
**8 јуни 2021 година**
**Скопје**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Artan Grubi**

# DECISIONS

## COUNCIL DECISION (CFSP) 2021/276

### of 22 February 2021

### amending Decision (CFSP) 2017/2074 concerning restrictive measures in view of the situation in Venezuela

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal of the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 13 November 2017, the Council adopted Decision (CFSP) 2017/2074 [1] concerning restrictive measures in view of the situation in Venezuela.

(2) On 12 November 2020, the Council adopted Decision (CFSP) 2020/1700 [2] which renewed the restrictive measures in place, including all designations, until 14 November 2021.

(3) On 7 December 2020, the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy (the 'High Representative') issued a declaration on behalf of the Union which stated that the Venezuelan elections of 6 December 2020 for the National Assembly regrettably went ahead without a national agreement on electoral conditions, failed to comply with the minimum international standards for a credible process, and failed to mobilise the Venezuelan people to participate. The declaration underlined that this lack of respect for political pluralism and the disqualification, and prosecution, of opposition leaders precluded the Union from recognising this electoral process as credible, inclusive or transparent, and its results as representative of the will of the Venezuelan people.

(4) On 6 January 2021, the High Representative issued a second declaration on behalf of the Union on the Venezuelan elections for the National Assembly, which underlined the Union's deep regrets that the National Assembly assumed its mandate on 5 January 2021 on the basis of the non-democratic elections. It also indicated that the elections of the National Assembly elected in 2015 were the last free expression of Venezuelans in an electoral process. Finally, the declaration mentioned that the Union stood ready to take additional targeted measures.

(5) On 25 January 2021, the Council adopted Conclusions on Venezuela, stating that the Union deeply regrets that the legislative elections of 6 December 2020 were a missed opportunity for democracy, were held without a national agreement on electoral conditions, and failed to comply with the international standards for a democratic process. Moreover, the Council underscored that human rights must be respected. It also stated that there could be no way out of the political crisis in Venezuela if its citizens feared arrest and persecution, including of their families, for exercising their fundamental rights and freedoms.

(6) The Council Conclusions of 25 January 2021 indicated that the Union, in view of the deteriorating situation of human rights, rule of law and democracy in Venezuela, stands ready to adopt additional targeted restrictive measures against those undermining democracy or the rule of law and those responsible for serious violations of human rights. These measures are designed not to harm the Venezuelan population, and can be reversed.

---

(1) Council Decision (CFSP) 2017/2074 of 13 November 2017 concerning restrictive measures in view of the situation in Venezuela (OJ L 295, 14.11.2017, p. 60).

(2) Council Decision (CFSP) 2020/1700 of 12 November 2020 amending Decision (CFSP) 2017/2074 concerning restrictive measures in view of the situation in Venezuela (OJ L 381, 13.11.2020, p. 24).

(7) In this context, and in view of the continuing grave situation in Venezuela, 19 persons should be included in the list of natural and legal persons, entities and bodies subject to restrictive measures in Annex I to Decision (CFSP) 2017/2074.

(8) Annex I to Decision (CFSP) 2017/2074 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Annex I to Decision (CFSP) 2017/2074 is amended as set out in the Annex.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the date of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 22 February 2021.

*For the Council*

*The President*

J. BORRELL FONTELLES

*ANNEX*

The following persons are added to the list of natural and legal persons, entities and bodies set out in Annex I to Decision (CFSP) 2017/2074:

| | Name | Identifying information | Reasons | Date of listing |
|---|---|---|---|---|
| '37. | Remigio CEBALLOS ICHASO | Date of birth: 1 May 1963<br>ID-number: V-6557495<br>Gender: male | Commander of the Operational and Strategic Command of the Bolivarian National Armed Forces of Venezuela (*Comando Estratégico Operacional Fuerzas Armadas Nacionales Bolivarianas* (CEOFANB)), the highest organ in the Venezuelan Armed Forces, since June 2017. CEOFANB controls the Bolivarian National Armed Forces (FANB) and the Bolivarian National Guard. CEOFANB is also responsible for coordinating FANB interventions in demonstrations.<br>In his position as commander of CEOFANB responsible for serious human rights violations, including the use of excessive force and inhuman and degrading treatment by officials of the FANB and by subordinate forces under his command, including the Bolivarian National Guard. Various sources, including the Independent International Fact-Finding Mission on the Bolivarian Republic of Venezuela, attribute human rights violations to FANB and the Bolivarian National Guard. | 22.2.2021 |
| 38. | Omar José PRIETO FERNÁNDEZ | Date of birth: 25 May 1969<br>ID number: V-9761075<br>Gender: male | Governor of Zulia State since December 2017. In this position he has undermined democracy and the rule of law in Zulia State. He was sworn in by the non-recognised National Constituent Assembly (ANC), after the legitimate winner of the election refused to be sworn in by the ANC. Omar José Prieto Fernández actively promoted the non-democratic elections for the National Assembly which took place on 6 December 2020. Moreover, in Zulia State he threatened opposition leaders with "house visits" and stated to declare Zulia State independent should an interim government lead by Juan Guaidó assume power. | 22.2.2021 |
| 39. | José Dionisio BRITO RODRÍGUEZ | Date of birth: 15 January 1971<br>ID-number: V-8263861<br>Gender: male | Member of the non-democratically elected National Assembly and chair of the parliamentary commission that investigates the "actions perpetrated against the Republic" by members of the National Assembly elected in 2015. Furthermore, José Dionisio Brito Rodríguez illegitimately assumed leadership over opposition party *Primero Justicia*, due to a decision of the Supreme Court in June 2020. In 2019, he was expelled from Primero Justicia over corruption allegations. Moreover, as a member of the National Assembly, he participated in the illegitimate election of Luis Eduardo Parra Rivero as the President of the National Assembly on 5 January 2020, thereby undermining democracy and the rule of law in Venezuela. The election took place while entry of several parliamentarians to the premises of the National Assembly was blocked by military police, and without a quorum being reached. Therefore opposition members had to organise themselves outside of the premises of the National Assembly to re-elect Juan Guaidó as its President. His actions have therefore undermined democracy and the rule of law in Venezuela. | 22.2.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 40. | José Bernabé GUTIÉRREZ PARRA | Date of birth: 21 December 1952<br>ID-number: V-1565144<br>Gender: male | Member of the non-democratically elected National Assembly and illegitimate leader of opposition party *Acción Democrática*. José Bernabé Gutiérrez Parra gained illegitimate control over opposition party *Acción Democrática* in June 2020 via a ruling of the Supreme Court. In contravention of the party's position prior to his take over, Gutiérrez Parra participated with *Acción Democrática* in the non-democratic elections of the National Assembly which took place on 6 December 2020. Gutiérrez Parra changed the position of the party, used its symbols and participated in the elections and public events such as televised debates. Gutiérrez Parra was expelled from the party by legitimate *Acción Democrática* members who called his actions conspiracy and betrayal. His actions have therefore undermined democracy and the rule of law in Venezuela. | 22.2.2021 |
| 41. | Luis Fernando DAMIANI BUSTILLOS | Date of birth: 27 April 1946<br>Gender: male | Judge of the Constitutional Chamber of the Supreme Court (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ)). As a member of the Constitutional Chamber of the Supreme Court, he is responsible for actions, statements and rulings that have usurped the constitutional powers of the National Assembly and undermined the opposition's electoral rights including the unilateral appointment by the Supreme Court of the National Electoral Council (*Consejo Nacional Electoral* (CNE)) in June 2020 and the suspension and unilateral replacement of the leadership of three of the main democratic opposition parties in June and July 2020. His actions have therefore undermined democracy and the rule of law in Venezuela, and he has supported and facilitated the undermining of democracy and the rule of law by the executive's branch. | 22.2.2021 |
| 42. | Lourdes Benicia SUÁREZ ANDERSON | Date of birth: 7 March 1965<br>Gender: female | Judge of the Constitutional Chamber of the Supreme Court (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ)). As a member of the Constitutional Chamber of the Supreme Court, she is responsible for actions, statements and rulings that have usurped the constitutional powers of the National Assembly and undermined the opposition's electoral rights including the unilateral appointment by the Supreme Court of the National Electoral Council (*Consejo Nacional Electoral* (CNE)) in June 2020 and the suspension and unilateral replacement of the leadership of three of the main democratic opposition parties in June and July 2020. Her actions have therefore undermined democracy and the rule of law in Venezuela, and she has supported and facilitated the undermining of democracy and the rule of law by the executive's branch. | 22.2.2021 |
| 43. | Calixto Antonio ORTEGA RÍOS | Date of birth: 12 October 1950<br>Gender: male | Judge of the Constitutional Chamber of the Supreme Court (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ)). As a member of the Constitutional Chamber of the Supreme Court, he is responsible for actions, statements and rulings that have usurped the constitutional powers of the National Assembly and undermined the opposition's electoral rights including the unilateral appointment by the Supreme Court of the National Electoral Council (*Consejo Nacional Electoral* (CNE)) in June 2020 and the suspension and unilateral replacement of the leadership of three of the main democratic | 22.2.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | opposition parties in June and July 2020. His actions have therefore undermined democracy and the rule of law in Venezuela, and he has supported and facilitated the undermining of democracy and the rule of law by the executive's branch. | |
| 44. | René Alberto DEGRAVES ALMARZA | Gender: male | Judge of the Constitutional Chamber of the Supreme Court (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ)). As a member of the Constitutional Chamber of the Supreme Court, he is responsible for actions, statements and rulings that have usurped the constitutional powers of the National Assembly and undermined the opposition's electoral rights including the unilateral appointment by the Supreme Court of the National Electoral Council (*Consejo Nacional Electoral* (CNE)) in June 2020 and the suspension and unilateral replacement of the leadership of three of the main democratic opposition parties in June and July 2020. His actions have therefore undermined democracy and the rule of law in Venezuela, and he has supported and facilitated the undermining of democracy and the rule of law by the executive's branch. | 22.2.2021 |
| 45. | Arcadio DELGADO ROSALES | Date of birth: 23 September 1954<br>Gender: male | Judge and Vice-President of the Constitutional Chamber of the Supreme Court (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ)). As a member of the Constitutional Chamber of the Supreme Court, he is responsible for actions, statements and rulings that have usurped the constitutional powers of the National Assembly and undermined the opposition's electoral rights including the unilateral appointment by the Supreme Court of the National Electoral Council (*Consejo Nacional Electoral* (CNE)) in June 2020 and the suspension and unilateral replacement of the leadership of three of the main democratic opposition parties in June and July 2020. His actions have therefore undermined democracy and the rule of law in Venezuela, and he has supported and facilitated the undermining of democracy and the rule of law by the executive's branch. | 22.2.2021 |
| 46. | Carmen Auxiliadora ZULETA DE MERCHÁN | Date of birth: 13 December 1947<br>Gender: female | Judge of the Constitutional Chamber of the Supreme Court (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ)). As a member of the Constitutional Chamber of the Supreme Court, she is responsible for actions, statements and rulings that have usurped the constitutional powers of the National Assembly and undermined the opposition's electoral rights including the unilateral appointment by the Supreme Court of the National Electoral Council (*Consejo Nacional Electoral* (CNE)) in June 2020 and the suspension and unilateral replacement of the leadership of three of the main democratic opposition parties in June and July 2020. Her actions have therefore undermined democracy and the rule of law in Venezuela, and she has supported and facilitated the undermining of democracy and the rule of law by the executive's branch. | 22.2.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 47. | Indira Maira ALFONZO IZAGUIRRE | Date of birth: 29 April 1968<br>Place of birth: La Guaira (La Guaira State, Venezuela)<br>ID-number: V-6978710<br>Gender: female | Chairwoman of the National Electoral Council (*Consejo Nacional Electoral* (CNE)) since 13 June 2020. Former member of the Electoral Chamber and Plenary Chamber of the Supreme Court (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ)), Second Vice-Chairwoman of the TSJ from 2015 until 24 February 2017, Vice-Chairwoman of the TSJ from 24 February 2017 until 12 June 2020. As member of the Electoral Chamber of the TSJ, Indira Maira Alfonzo Izaguirre is responsible for the actions taken against the then newly-elected National Assembly in December 2015, resulting in the impossibility for the National Assembly to exert its legislative power. Moreover, she accepted her appointment as the chairwoman of the CNE in June 2020 by the TSJ although this prerogative belongs to the National Assembly. In this role she prepared and supervised the non-democratic elections of the National Assembly held on 6 December 2020 and participated in the change of 30 June 2020 to the electoral norms for these elections. Her actions have therefore undermined democracy and the rule of law in Venezuela. | 22.2.2021 |
| 48. | Leonardo Enrique MORALES POLEO | Gender: male | Vice President of the National Electoral Council (*Consejo Nacional Electoral* (CNE)) since 7 August 2020 and President of the Political Participation and Financing Commission.<br>Leonardo Enrique Morales Poleo was appointed Vice President of the CNE and President of the Political Participation and Financing Commission on 7 August 2020 by the Supreme Court (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ)) although this prerogative belongs to the National Assembly. Moreover, just prior before his appointment he served in the Advanced Progressive Party (*Avanzada progresista*). As member of the CNE, he fully took part in the supervision of the electoral process that led to the non-democratic elections of the National Assembly on 6 December 2020. His actions have therefore undermined democracy and the rule of law in Venezuela. | 22.2.2021 |
| 49. | Tania D'AMELIO CARDIET | Date of birth: 5 December 1971<br>Place of birth: Italy<br>Nationality: Venezuelan<br>ID-number: V-11691429<br>Gender: female | Member (Rector) of the National Electoral Council (*Consejo Nacional Electoral* (CNE)) for the period 2016-2023. Former Member (Rector) of the CNE for the period 2010-2016.<br>Tania d'Amelio Cardiet, as rector of the CNE since 2010, contributed directly by her activity in her functions to the undermining of the democracy and the rule of law in Venezuela, including by preparing the non-democratic 2020 National Assembly elections, participating in the change of 30 June 2020 to the electoral norms for these elections, and participating in the organization and execution of the 2018 presidential elections. Moreover, d'Amelio Cardiet accepted her 2016 appointment at the CNE by the Supreme Court (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ)), although this prerogative belongs to the National Assembly. | 22.2.2021 |
| 50. | José Miguel DOMÍNGUEZ RAMÍREZ | Date of birth: 17 October 1979<br>ID-number: V-14444352<br>Gender: male | Director of the Special Action Forces (*Fuerzas de Acciones Especiales* (FAES)) since 6 May 2019. Former Chief Commissioner of the FAES in Táchira State. Additionally, José Miguel Domínguez Ramírez was the Director of Operations of the FAES, which fall within Venezuela's Bolivarian National Police. Responsible for serious human rights violations and repressing of civil society and democratic opposition in Venezuela committed by FAES officials under his authority. The FAES | 22.2.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | are known for extrajudicial killings and their violent role in suppressing dissent from Maduro's political opponents, the opposition, and protesters, which is why the United Nations High Commissioner for Human Rights Michelle Bachelet has demanded the dissolution of the FAES. Moreover, previously, Domínguez Ramírez was a member of the Venezuelan security team that opened fire on unarmed student protestors on 12 February 2014, resulting in the death of at least one of the students, Bassil Da Costa. | |
| 51. | Carlos Ramón Enrique CARVALLO GUEVARA | ID-number: V-10132041<br>Gender: male | Division General, and Deputy Director of the Directorate-General of Military Counter-Intelligence (*Dirección General de Contrainteligencia Militar* (DGCIM)) since 21 August 2020. Successor of General Rafael Ramón Blanco Marrero. Previously, Carlos Ramón Enrique Carvallo Guevara served for the DGCIM in Los Andes region, and held upper ranks position in the Bolivarian National Guard. Responsible for serious human rights violations in Venezuela committed by DGCIM officials under his command. In the recently published findings of the Independent International Fact-Finding Mission on the Bolivarian Republic of Venezuela, DGCIM is characterized as an institution directly responsible for carrying out severe human rights violations. | 22.2.2021 |
| 52. | Jesús Emilio VÁSQUEZ QUINTERO | ID-number: V-7422049<br>Gender: male | Division General since 5 July 2019 and Attorney General of the Military Prosecutor's Office since December 2017. As Attorney General of the Military Prosecutor's Office responsible for undermining democracy and the rule of law in Venezuela. The Military Prosecutor's Office has been linked to internal judicial prosecution in the Armed Forces, and failures to investigate incidents, including the case of the death of captain Acosta in 2019. Moreover, military justice is being applied to civilians. | 22.2.2021 |
| 53. | Carlos Enrique TERÁN HURTADO | ID-number: V-8042567<br>Gender: male | Brigadier General since 5 July 2019 and head of the Special Directorate of Criminal Investigation of the Directorate-General of Military Counter-Intelligence (*Dirección General de Contrainteligencia Militar* (DGCIM)) since 2019. In previous functions, Brigadier General Carlos Enrique Terán Hurtado served as head of the police in Falcón state and head of DGCIM in Táchira state. Responsible for serious human rights violations, including cruel and inhumane treatment of detainees, committed by DGCIM officials under his command. In the detailed findings of the Independent International Fact-Finding Mission on the Bolivarian Republic of Venezuela, Brigadier General Terán Hurtado is specifically pointed out as one of the responsible actors, and is linked to the captain de la Sotta case. | 22.2.2021 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 54. | Manuel Eduardo PÉREZ URDANETA | Date of birth: 29 December 1960 or 26 May 1962<br>Place of birth: Cagua, State of Aragua<br>ID-number: V-6357038<br>Passport number: 001234503 (expired 2012)<br>Gender: male | Deputy Minister of the Interior and Justice since 7 April 2015. Within the Venezuelan Ministry of the Interior and Justice, Brigadier General Manuel Eduardo Pérez Urdaneta ranks as one of five Deputy Ministers. His portfolio encompasses Preventive Security and Public Safety (*Viceministro de prevención y Seguridad Ciudadana*). Previously, Brigadier General Pérez served as Director of the Bolivarian National Police. In this role responsible for serious human rights violations, including the use of severe physical force against peaceful protesters, committed by officials of the Bolivarian National Police under his authority. | 22.2.2021 |
| 55. | Douglas Arnoldo RICO GONZÁLEZ | Date of birth: 28 September 1969<br>ID-number: V-6864238<br>Gender: male | Director of the Scientific, Penal, and Criminal Investigation Corps (*Cuerpo de Investigaciones Científicas, Penales y Criminalísticas* (CICPC)) since 5 February 2016. Before, he acted as CICPC deputy director. Responsible for serious human rights violations, by CICPC officials under his authority. The report of the Independent International Fact-Finding Mission on the Bolivarian Republic of Venezuela characterizes CICPC as an institution that commits systematic human rights violations in Venezuela. | 22.2.2021' |

# ОДЛУКА (ЗНБП) 2021/276 НА СОВЕТОТ

**од 22 февруари 2021 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за Европската Унија, а особено член 29 од истиот,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 13 ноември 2017 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 ([1]) за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела.

(2) На 12 ноември 2020 година, Советот ја донесе Одлуката (ЗНБП) 2020/1700 ([2]) со која се обновија рестриктивните мерки кои се во сила до 14 ноември 2021 година, вклучувајќи ги сите наведувања на список.

(3) На 7 декември 2020 година, Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика („Високиот претставник“) издаде декларација во име на Унијата, во која се наведува дека изборите за Националното собрание во Венецуела на 6 декември 2020 година, за жал беа одржани без национален договор за изборните услови, не ги исполнија минималните меѓународни стандарди за кредибилен процес и не ги мобилизираа жителите на Венецуела да учествуваат на истите. Во декларацијата се нагласува дека тоа непочитување на политичкиот плурализам, и дисквалификацијата и гонењето на лидерите на опозицијата не дозволува Унијата да го признае овој изборен процес како кредибилен, инклузивен или транспарентен, ниту неговите резултати како репрезентативни на волјата на венецуелскиот народ.

(4) На 6 јануари 2021 година, Високиот претставник издаде втора декларација во име на Унијата за изборите за Националното собрание во Венецуела, изразувајќи длабоко жалење на Унијата што Националното собрание го презеде својот мандат на 5 јануари 2021 година врз основа на недемократски избори. Исто така, се наведува дека изборите за Националното собрание од 2015 година биле последното слободно изразување на волјата на Венецуелците во изборен процес. Конечно, во декларацијата се споменува дека Унијата е подготвена да преземе дополнителни насочени мерки.

(5) На 25 јануари 2021 година, Советот донесе заклучоци за Венецуела во кои Унијата длабоко жали што парламентарните избори од 6 декември 2020 година беа пропуштена можност за демократија, бидејќи тие беа одржани без национален договор за изборните услови и не беа во согласност со меѓународните стандарди за демократски процес. Освен тоа, Советот истакна

---

[1]Одлука (ЗНБП) 2017/2074 на Советот од 13 ноември 2017 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела (Сл. весник L 295, 14.11.2017 година, стр. 60).

[2]Одлука (ЗНБП) 2020/1700 на Советот од 12 ноември 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела (Сл. весник L 381, 13.11.2020 година, стр. 24).

дека мора да се почитуваат човековите права. Советот, исто така, изјави дека политичката криза во Венецуела нема да може да се надмине доколку нејзините граѓани стравуваат дека тие или нивните семејства ќе бидат уапсени и прогонувани заради остварување на нивните фундаментални права и слободи.

(6) Во заклучоците на Советот од 25 јануари 2021 година се наведува дека, со оглед на влошената состојба со човековите права, владеењето на правото и на демократијата во Венецуела, Унијата е подготвена да донесе дополнителни насочени рестриктивни мерки против оние кои ја загрозуваат демократијата или владеењето на правото, и одговорните за сериозни повреди на човековите права. Овие мерки се креирани така што нема да му наштетат на населението во Венецуела и истите можат да бидат повлечени.

(7) Во овој контекст, и со оглед на сè уште тешката состојба во Венецуела, 19 лица треба да бидат вклучени во списокот на физички и на правни лица, субјекти и тела кои подлежат на рестриктивните мерки во Анекс I кон Одлуката (ЗНБП) 2017/2074.

(8) Затоа, Анекс I кон Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Анекс I кон Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 се изменува како што е утврдено во Анексот.

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Брисел, 22 февруари 2021 година.

*За Советот*

*Претседател*

Ж. БОРЕЉ ФОНТЕЉЕС

*АНЕКС*

Следните лица се додадени во списокот на физички и на правни лица, субјекти и тела утврден во Анекс I кон Одлуката (ЗНБП) 2017/2074:

| | Име | Информации за идентификација | Причини | Датум на внесување во список |
|---|---|---|---|---|
| „37. | Remigio CEBALLOS ICHASO | Датум на раѓање: 1 мај 1963 година<br>Број на лична карта: V-6557495<br>Пол: машки | Од јуни 2017 година, командант на Оперативната и стратешка команда на Боливарските национални вооружени сили на Венецуела (*Comando Estratégico Operacional Fuerzas Armadas Nacionales Bolivarianas* (CEOFANB)- (ЦЕОФАНБ)), врховен орган на вооружените сили на Венецуела. ЦЕОФАНБ ги контролира Боливарските национални вооружени сили (FANB)- (ФАНБ) и Боливарската национална гарда. ЦЕОФАНБ, исто така, е одговорен за координирање на интервенциите на ФАНБ за време на демонстрациите.<br>Како командант на ЦЕОФАНБ, тој е одговорен за сериозни повреди на човековите права, вклучувајќи и употреба на прекумерна сила и нехуман и понижувачки третман од страна на службени лица на ФАНБ и нивните подредени единици под негова команда, вклучително и од Боливарската национална гарда. Различни извори, вклучувајќи ја и Независната меѓународна мисија за утврдување факти за Боливарската Република Венецуела, на ФАНБ и на Боливарската национална гарда им припишуваат повреди на човековите права. | 22.2.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 38. | Omar José PRIETO FERNÁNDEZ | Датум на раѓање: 25 мај 1969 година<br><br>Број за идентификација: V-9761075<br><br>Пол: машки | Гувернер на сојузната држава Zulia од декември 2017 година. На таа позиција, тој ги поткопува демократијата и владеењето на правото во Венецуела. Тој положи заклетва пред непризнатото Национално конститутивно собрание (ANC)-(АНЦ) откако легитимниот победник на изборите одби да даде заклетва пред АНЦ. Омар Хозе Приeто Фернандес (Omar José Prieto Fernández) е активен поддржувач на недемократските избори за Национално собрание одржани на 6 декември 2020 година. Тој, исто така, во сојузната држава Zulia им се заканувал на опозициските лидери со „домашни посети" и изјавил дека доколку дојде на власт привремена влада на чело со Хуан Гвидо (Juan Guaidó), ќе ја прогласи сојузната држава Zulia за независна. | 22.2.2021 година |
| 39. | José Dionisio BRITO RODRÍGUEZ | Датум на раѓање: 15 јануари 1971 година<br><br>Број на лична карта: V-8263861<br><br>Пол: машки | Член на недемократски избраното Национално собрание и претседател на парламентарната комисија за истрага на членовите на Националното собрание избрани во 2015 година за „дела против републиката". Освен тоа, Хозе Дионисио Брито Родригес (José Dionisio Brito Rodríguez) незаконски го презеде раководството на опозициската партија *Primero Justicia*, со одлука на Врховниот суд во јуни 2020 година. Во 2019 година, тој бил исклучен од Primero Justicia под обвиненија за корупција. Покрај тоа, како член на Националното собрание, тој учествувал во незаконскиот избор на Луис Едуардо Пара Риверо (Luis Eduardo Parra Rivero) за претседател на Националното собрание на 5 јануари 2020 година, а со тоа ги поткопува демократијата и владеењето на правото во Венецуела. Изборот се одвивал, додека воената полиција го блокирала пристапот до зградата на Националното собрание за неколку пратеници и без постигнување кворум. Членовите на опозицијата затоа морале сами да се организираат пред зградата на Националното собрание за повторно да го изберат Хуан Гвидо (Juan Guaidó) за претседател. Со тоа, неговите постапки ја поткопуваат | 22.2.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | демократијата и владеењето на правото во Венецуела. | |
| 40. | José Bernabé GUTIÉRREZ PARRA | Датум на раѓање: 21 декември 1952 година<br>Број на лична карта: V-1565144<br>Пол: машки | Член на недемократски избраното Национално собрание и незаконски лидер на опозициската партија *Acción Democrática*. Во јуни 2020 година, Хозе Бернабе Гутиерес Пара José Bernabé Gutiérrez Parra) незаконски ја презеде контролата врз опозициската партија *Acción Democrática* со одлука на Врховниот суд. Гутиерес Пара (Gutiérrez Parra) со *Acción Democrática* учествувал на недемократските избори за Национално собрание одржани на 6 декември 2020 година, што е во спротивност со ставот на партијата, пред да ја преземе функцијата. Гутиерес Пара (Gutiérrez Parra) го сменил ставот на партијата, ги искористил нејзините симболи и учествувал на избори и јавни настани, како што се телевизиски дебати. Гутиерес Пара (Gutiérrez Parra) бил исклучен од партијата од страна на нејзините законски членови, кои ги прогласиле неговите постапки за заговор и за предавство. Со тоа, неговите постапки ја поткопуваат демократијата и владеењето на правото во Венецуела. | 22.2.2021 година |
| 41. | Luis Fernando DAMIANI BUSTILLOS | Датум на раѓање: 27 април 1946 година<br>Пол: машки | Судија во Уставниот совет на Врховниот суд (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ))- (TCJ). Како член на Уставниот совет на Врховниот суд, тој е одговорен за постапките, изјавите и пресудите што ги одземаат уставните овластувања на Националното собрание и ги кршат изборните права на опозицијата, вклучително и едностраното именување од страна на Врховниот суд на Националниот изборен совет (*Consejo Nacional Electoral* (CNE))- (ЦНЕ) во јуни 2020 година, и суспензијата и еднострананата замена на раководството на три од најголемите опозициски партии во јуни и јули 2020 година. Со тоа, | 22.2.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | неговите постапки ја поткопуваат демократијата и владеењето на правото во Венецуела, а тој исто така ја поддржа и ѝ овозможи на извршната власт да ја поткопа демократијата и владеењето на правото. | |
| 42. | Lourdes Benicia SUÁREZ ANDERSON | Датум на раѓање: 7 март 1965 година<br>Пол: женски | Судија во Уставниот совет на Врховниот суд (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ))- (TCJ). Како член на Уставниот совет на Врховниот суд, таа е одговорна за постапките, изјавите и пресудите што ги одземаат уставните овластувања на Националното собрание и ги кршат изборните права на опозицијата, вклучително и едностраното именување од страна на Врховниот суд на Националниот изборен совет (*Consejo Nacional Electoral* (CNE))- (ЦНЕ) во јуни 2020 година,и суспензијата и едностраната замена на раководството на три од најголемите опозициски партии во јуни и јули 2020 година. Со тоа, нејзините постапки ја поткопуваат демократијата и владеењето на правото во Венецуела, а таа исто така ја поддржа и ѝ овозможи на извршната власт да ја поткопа демократијата и владеењето на правото. | 22.2.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 43. | Calixto Antonio ORTEGA RÍOS | Датум на раѓање: 12 октомври 1950 година<br>Пол: машки | Судија во Уставниот совет на Врховниот суд (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ))- (ТСЈ). Како член на Уставниот совет на Врховниот суд, тој е одговорен за постапките, изјавите и пресудите што ги одземаат уставните овластувања на Националното собрание и ги кршат изборните права на опозицијата, вклучително и еднostраното именување од страна на Врховниот суд на Националниот изборен совет (*Consejo Nacional Electoral* (CNE))- (ЦНЕ) во јуни 2020 година, и суспензијата и еднострананата замена на раководството на три од најголемите опозициски партии во јуни и јули 2020 година. Со тоа, неговите постапки ја поткопуваат демократијата и владеењето на правото во Венецуела, а тој исто така ја поддржа и ѝ овозможи на извршната власт да ја поткопа демократијата и владеењето на правото. | 22.2.2021 година |
| 44. | René Alberto DEGRAVES ALMARZA | Пол: машки | Судија во Уставниот совет на Врховниот суд (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ))- (ТСЈ). Како член на Уставниот совет на Врховниот суд, тој е одговорен за постапките, изјавите и пресудите што ги одземаат уставните овластувања на Националното собрание и ги кршат изборните права на опозицијата, вклучително и едностраното именување од страна на Врховниот суд на Националниот изборен совет (*Consejo Nacional Electoral* (CNE)- (ЦНЕ) во јуни 2020 година, и суспензијата и еднострананата замена на раководството на три од најголемите опозициски партии во јуни и јули 2020 година. Со тоа, неговите постапки ја поткопуваат демократијата и владеењето на правото во Венецуела, а тој исто така ја поддржа и ѝ овозможи на извршната власт да ја поткопа демократијата и владеењето на правото. | 22.2.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 45. | Arcadio DELGADO ROSALES | Датум на раѓање: 23 септември 1954 година<br><br>Пол: машки | Судија и заменик претседател на Уставниот совет на Врховниот суд (*Tribunal Supremo de Justicia* – (TSJ)- (ТСЈ). Како член на Уставниот совет на Врховниот суд, тој е одговорен за постапките, изјавите и пресудите што ги одземаат уставните овластувања на Националното собрание и ги кршат изборните права на опозицијата, вклучително и едностраното именување од страна на Врховниот суд на Националниот изборен совет (*Consejo Nacional Electoral* (CNE))- (ЦНЕ) во јуни 2020 година, и суспензијата и еднострананата замена на раководството на три од најголемите опозициски партии во јуни и јули 2020 година. Со тоа, неговите постапки ја поткопуваат демократијата и владеењето на правото во Венецуела, а тој исто така ја поддржа и ѝ овозможи на извршната власт да ја поткопа демократијата и владеењето на правото. | 22.2.2021 година |
| 46. | Carmen Auxiliadora ZULETA DE MERCHÁN | Датум на раѓање: 13 декември 1947 година<br><br>Пол: женски | Судија во Уставниот совет на Врховниот суд (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ)) - (ТСЈ). Како член на Уставниот совет на Врховниот суд, таа е одговорна за постапките, изјавите и пресудите што ги одземаат уставните овластувања на Националното собрание и ги кршат изборните права на опозицијата, вклучително и едностраното именување од страна на Врховниот суд на Националниот изборен совет (*Consejo Nacional Electoral* (CNE))- (ЦНЕ) во јуни 2020 година, и суспензијата и еднострананата замена на раководството на три од најголемите опозициски партии во јуни и јули 2020 година. Со тоа, нејзините постапки ја поткопуваат демократијата и владеењето на правото во Венецуела, а таа исто така ја поддржа и ѝ овозможи на извршната власт да ја поткопа демократијата и владеењето на правото. | 22.2.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 47. | Indira Maira ALFONZO IZAGUIRRE | Датум на раѓање: 29 април 1968 година<br>Место на раѓање: La Guaira (La Guaira State, Venezuela)<br>Број на лична карта: V-6978710<br>Пол: женски | Претседателка на Националниот изборен совет (*Consejo Nacional Electoral* (CNE)) - (ЦНЕ) од 13 јуни 2020 година. Поранешен член на Изборната комора и Пленарната комора на Врховниот суд (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ))- (ТСЈ), втора потпретседателка на ТСЈ од 2015 година до 24 февруари 2017 година, потпретседателка на ТСЈ од 24 февруари 2017 година до 12 јуни 2020 година. Како член на Изборната комора на ТСЈ, Индира Маира Алфонсо Изагиер (Indira Maira Alfonzo Izaguirre) е одговорна за дејствијата преземени против новоизбраното Национално собрание во декември 2015 година, што го оневозможија Националното собрание да ги остварува своите законодавни овластувања. Покрај тоа, таа го прифати своето именување за претседателка на ЦНЕ во јуни 2020 година од страна на ТСЈ, иако тоа е привилегија на Националното собрание. Во таа улога, таа ги подготви и ги надгледуваше недемократските избори за Национално собрание, одржани на 6 декември 2020 година, и учествуваше во промената на изборните правила за овие избори на 30 јуни 2020 година. Со тоа, нејзините постапки ја поткопуваат демократијата и владеењето на правото во Венецуела. | 22.2.2021 година |
| 48. | Leonardo Enrique MORALES POLEO | Пол: машки | Потпретседател на Националниот изборен совет (*Consejo Nacional Electoral* (CNE))- (ЦНЕ) од 7 август 2020 година и претседател на Комисијата за политичко учество и финансирање.<br>На 7 август 2020 година, Врховниот суд (*Tribunal Supremo de Justicia* (TSJ))- (ТСЈ) го назначи Леонардо Енрике Моралес Полео (Leonardo Enrique Morales Poleo) за потпретседател на ЦНЕ и претседател на Комисијата за политичко учество и финансирање, иако тоа е привилегија на Националното собрание. Понатаму, непосредно пред неговото именување, тој бил активен во Партијата за прогресивен напредок (*Avanzada Progressista*). Како член на ЦНЕ, тој активно | 22.2.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | учествувал во надгледување на изборниот процес што доведе до недемократски избори за Националното собрание одржани на 6 декември 2020 година. Со тоа, неговите постапки ја поткопуваат демократијата и владеењето на правото во Венецуела. | |
| 49. | Tania D'AMELIO CARDIET | Датум на раѓање: 5 декември 1971 година<br>Место на раѓање: Italy<br>Државјанство: на Венецуела<br>Број на лична карта: V-11691429<br>Пол: женски | Член (ректор) на Националниот изборен совет (*Consejo Nacional Electoral* (CNE))- (ЦНЕ) за периодот 2016-2023 година. Поранешен член (ректор) на ЦНЕ за периодот 2010-2016 година.<br>Танија д'Амелио Кардиет (Tania d'Amelio Cardiet), како ректор на ЦНЕ од 2010 година, директно придонела за загрозување на демократијата и владеењето на правото во Венецуела, вклучително и со подготовката на недемократски избори за Националното собрание во 2020 година, со промена на изборните правила за овие избори на 30 јуни 2020 година и со учество во организацијата и спроведувањето на претседателските избори во 2018 година. Покрај тоа, д'Амелио Кардиет (d'Amelio Cardiet) во 2016 година прифати нејзино именување во ЦНЕ од Врховниот суд (*Tribunal Supremo de Justicia (TCJ))*- (TCJ), иако тоа е привилегија на Националното собрание. | 22.2.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 50. | José Miguel DOMÍNGUEZ RAMÍREZ | Датум на раѓање: 17 октомври 1979 година<br>Број на лична карта: V-14444352<br>Пол: машки | Директор на Силите за специјални операции (*Fuerzas de Acciones Especiales* (FAES) - (ФАЕС) од 6 мај 2019 година. Поранешен генерален комесар на ФАЕС во сојузната држава Táchira. Понатаму, Хозе Мигел Домингес Рамирес (José Miguel Domínguez Ramírez) бил директор за операции на ФАЕС, под надлежност на Венецуелската боливариска национална полиција. Тој е одговорен за сериозни повреди на човековите права и репресија на граѓанското општество и демократската опозиција во Венецуела, извршени од страна на службени лица на ФАЕС под негово раководство. ФАЕС е позната по вонсудски егзекуции и насилна улога во сузбивање на несогласувањето од политичките противници, опозицијата и демонстрантите на Мадуро (Maduro), што ја натера Високата комесарка за човекови права на ООН Мишел Башелет (Michelle Bachelet) да побара распуштање на ФАЕС. Понатаму, Домингес Рамирес (Domínguez Ramírez) кој претходно бил член на безбедносниот тим на Венецуела кој отворил оган врз невооружени студентски демонстранти на 12 февруари 2014 година, што резултирало со смрт на најмалку еден студент, Басил да Коста (Bassil Da Costa). | 22.2.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 51. | Carlos Ramón Enrique CARVALLO GUEVARA | Број на лична карта: V-10132041<br>Пол: машки | Генерал на дивизија и заменик-директор на Генералниот директорат за воено контраразузнавање (*Dirección General de Contrainteligencia Militar* (DGCIM))- (ДГЦИМ) од 21 август 2020 година. Наследник на генералот Рафаел Рамон Бланко Мареро (Rafael Ramón Blanco Marrero). Пред тоа, Карлос Рамон Енрике Карваљо Гевара (Carlos Ramón Enrique Carvallo Guevara) служел во ДГЦИМ во регионот Los Andes и имал висока позиција во Боливарската национална гарда. Тој е одговорен за сериозни повреди на човековите права во Венецуела, извршени под негова команда од службени лица на ДГЦИМ. Во неодамна објавените наоди на Независната меѓународна мисија за утврдување факти на Боливарската Република Венецуела, ДГЦИМ беше окарактеризирана како институција директно одговорна за сериозни повреди на човековите права. | 22.2.2021 година |
| 52. | Jesús Emilio VÁSQUEZ QUINTERO | Број на лична карта: V-7422049<br>Пол: машки | Генерал на дивизија од 5 јули 2019 година и главен јавен обвинител на Военото јавно обвинителство од декември 2017 година. Како главен јавен обвинител на Военото јавно обвинителство, тој е одговорен за поткопување на демократијата и владеењето на правото во Венецуела. Военото јавно обвинителство е поврзано со внатрешно гонење во вооружените сили и неистражување на инцидентите, вклучително и смртта на капетанот Акоста (Acosta) во 2019 година. Покрај тоа, воената правда се применувала и на цивилите. | 22.2.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 53. | Carlos Enrique TERÁN HURTADO | Број на лична карта: V-8042567<br>Пол: машки | Бригаден генерал од 5 јули 2019 година и началник на Специјалниот директорат за криминалистичка истрага на Генералниот директорат за воено контраразузнавање *(Dirección General de Contrainteligencia Militar* (DGCIM)- (ДГЦИМ) од 2019 година. На претходните позиции, бригадниот генерал Карлос Енрике Теран Уртадо (Carlos Enrique Terán Hurtado) служел како началник на полицијата во сојузната држава Falcón и началник на ДГЦИМ во сојузната држава Táchira. Тој е одговорен за сериозни повреди на човековите права, вклучително и суров и нехуман третман на притворените лица, извршени под негова команда од службени лица на ДГЦИМ. Во деталните наоди на Независната меѓународна мисија за утврдување факти на Боливарската Република Венецуела, бригадниот генерал Теран Уртадо (Terán Hurtado) е издвоен како еден од одговорните актери, а исто така е поврзан и со случајот на капетанот де ла Сота (de la Sotta). | 22.2.2021 година |
| 54. | Manuel Eduardo PÉREZ URDANETA | Датум на раѓање: 29 декември 1960 година или 26 мај 1962 година<br>Место на раѓање: Cagua, State of Aragua<br>Број на лична карта: V-6357038<br>Број на пасош: 001234503 (истечен во 2012 година)<br>Пол: машки | Заменик-министер за внатрешни работи и правда од 7 април 2015 година. Бригадниот генерал Мануел Едуардо Перес Урданета (Manuel Eduardo Pérez Urdaneta) е еден од петте заменици-министри во Министерството за внатрешни работи и правда на Венецуела. Неговите одговорности вклучуваат превентивна безбедност и јавна безбедност (*Viceministro de prevención y Seguridad Ciudadana*). Пред тоа, бригадниот генерал Перес (Pérez) бил директор на Боливарската национална полиција. Во таа улога, тој е одговорен за сериозни повреди на човековите права, вклучително и употреба на тешка физичка сила врз мирните демонстранти, извршени од страна на службените лица на Боливарската национална полиција под негово раководство. | 22.2.2021 година |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 55. | Douglas Arnoldo RICO GONZÁLEZ | Датум на раѓање: 28 септември 1969 година<br>Број на лична карта: V-6864238<br>Пол: машки | Директор на Агенцијата за научна, криминална и кривична истрага (*Cuerpo de Investigaciones Científicas, Penales y Criminalísticas* (CICPC)- (ЦИЦПЦ) од 5 февруари 2016 година. Пред тоа, тој бил заменик директор на ЦИЦПЦ. Тој е одговорен за сериозни повреди на човековите права, извршени под негово раководство од службени лица на ЦИЦПЦ. Во извештајот на Независната меѓународна мисија за утврдување факти за Боливарската Република Венецуела, ЦИЦПЦ се карактеризира како институција што систематски ги крши човековите права во Венецуела. | 22.2.2021 година“ |